РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 08-419/9
05.08 2026 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоурава (Сл.весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Демир Хисар по објавен јавен конкурс

1. За директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар е избран **Гоце Мицковски**, дипломиран економист од с. Сопотница, Демир Хисар.
2. По правосилноста на одлуката, градоначалникот ќе донесе решение за именување на директор на ЈКП „Комуналец Демир Хисар“, со мандат од четири години кој ќе започне по завршувањето на мандатот на постојниот директор.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

## *Образложение*

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар број 08-419/1 од 27.04.2026 година. Јавниот конкурс со деловоден број 08-419/3 од 28.04.2026 година беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 30.04.2026 година. По завршувањето на предвидениот рок за пријавување на јавниот конкурс, комисијата за спроведување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар формирана со решение број 08-419/2 од 27.04.2026 година, ги разгледа поднесените пријави и состави Записник број 08-419/6 од 21.05.2026 година. На конкурсот беше пријавен само еден кандидат и истиот достави уредна документација.

Комисијата целокупната документација доставена од пријавениот кандидат и Записникот го предаде на Градоначалникот за понатамошно постапување.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.06.2026 година во просториите на Општина Демир Хисар спроведе интервју со пријавениот кандидат и состави записник број 08-419/8 од 04.06.2026 година. Врз основа на целокупната документација која ја достави пријавениот кандидат за докажување на условите предвидени во јавниот конкурс и одржаното интервју, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука.

***Правна поука:*** Против оваа одлука незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на одлуката.

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива на Општина Демир Хисар
- Интернет страница на Општина Демир Хисар

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

-----------------------------------------